Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 2 став 2 од Законот за комунални такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-та седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе,

# О Д Л У К А

## За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци

### Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07-687/1 од 13.03.2006 година („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.12 од 14.03.2006 година), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07-302/12 од 31.01.2024 година„, („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.12 од 03.02.2014 година) Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07-4925/5 од 30.10.2014 година, („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.24 од 03.11.2014 година), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.08-3116/15 од 16.06.2016 година („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.46 од 21.06.2016 година), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.08-5066/13 од 31.10.2016 година („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.50 од 03.11.2016 година), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.08-6496/79 од 16.12.2020 година („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.66 од 18.12.2020 година) се врши следната измена и дополнување:

1. Во член 2 во Тарифен број 5,
   - текстот:

   „За користење на музика во јавни локали - Годишно 5.000,00 денари",
   СЕ МЕНУВА и гласи:
   „За користење на музика во јавни локали - Годишно 6.000,00 денари".

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

На обврзникот на комунална такса, Градоначалникот на општината му издава Решение за висината на комунална такса.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08-6391/32
26.12.2025 година
**К а в а д а р ц и**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**д- р Стојанчо Рамов**